Врз основа на член 37, став 21 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Извршниот одбор, постапувајќи по предлогот на Директорот на репрезентацијата на КФРСМ на својата редовна седница одржана на 01.04.2023 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за разрешување на селекторот во дисциплината кати за јуниори

1. Се усвојува Предлогот од Директорот на репрезентацијата на КФРСМ, во кој ги образложува причините за разрешување на селекторот за кати за јуниори.

2. Се разрешува селекторот за кати за јуниори Ивана Аврамова од причини наведени во образложението во Предлогот на Директорот на репрезентацијата на КФРСМ.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката и Предлогот од Директорот на репрезентацијата да се објави на ВЕБ страната на КФРСМ, да се достави и до Ивана Аврамова и до клубовите членки на КФРСМ.

5. Составен дел на оваа одлука е Предлогот од Директорот на репрезентацијата на КФРСМ.

Претседател на КФРСМ
Петар Белистојаноски

До:
ИО, Претседател на КФРСМ

Предмет: Барање за разрешување на селекторот на Јуниори во дисциплина кати Ивана Аврамова

Почитувани, како директор на репрезентацијата барам да се разреши Ивана Аврамова – селектор за кати во категоријата јуниори на КФРСМ. Според член 16 и 17 на непочитување и неизвршување на задачите кои ги има како селектор на соодветната репрезентација и член 14 од Правилникот за избор и работа на селекциите поради непојавување на ниедни подготовки на репрезентацијата, некомуникација, несоработка со директорот на репрезентацијата, нереализирање на Програмата како селектор и откажување на сите официални првенства на кој патува репрезентацијата.

Во прилог ; ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕДОВНОСТ НА СЕЛЕКТОРОТ ВО КАТИ ЗА ЈУНИОРИ НА ЗАКАЖАНИТЕ ТРЕНИНЗИ СО ДРЖАВНАТА ЈУНИОРСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД ПОЧЕТОК НА 2022 ГОДИНА ДО ДЕНЕС;

1. Подготовки пред настап на ЕП за кадети, јуниори и У21 во Прага, Чешка кои се одржаа во Дојран во хотелот Истатов во период од 16.05 до 20.05.2022:
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

2. Ден за карате 11.09.2022 година (недела) одржан заеднички тренинзи од 12:00 - 13:30 во фискултурната сала при ООУ „Гоце Делчев“ во Скопје тренинг во ката за кадети/јуниори/У21:
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

3. Подготовки пред настап на Светско и Балканско првенство на младинската репрезентација одржани на ден 16.10.2022 година во фискултурната сала при ООУ „Гоце Делчев“ во Скопје за натпреварувачи У21
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

4. Завршни подготовски во Дојран во хотел „Истатов“ пред настап на СП одражани од 19 до 21 октомври 2022
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

5. Ден за карате 24.12.2022 година (сабота) одржан заеднички тренинзи од 10:00 - 11:30 часот во фискултурната сала при ООУ „Гоце Делчев“ во Скопје:
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

6. Завршни подготовки пред настап на ЕП во Ларнака, Кипар одржани на 28 и 29.01.2023 год (недела) во ООУ „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче Скопје
- Ивана Аврамова - селектор за кати на јуниори; - не присуствуваше

Со почит!
М-р Арлинд ХУСЕИНИ
Директор на државната карате репрезентација во кати и борби на КФРСМ